# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 17-та седница на Националниот совет за евроинтеграции

одржана на 28.10.2013 година

Скопје, 28 октомври 2013 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Седумнаесетатта седница на Националниот совет за евроинтеграции

одржана на 28 октомври 2013 година

Седницата започна во 13.35 часот

**Радмила Шекеринска:**

Ја отворам 17-та седница на Националниот совет за европски интеграции. Дозволете на самиот почеток пред да започнеме со официјалната работа на Советот да ги поздравам нашите гости.

Најпрвин да го поздравам присуството на неговата екселенција господинот Аиво Орав, шеф на делегацијата на Европската унија во Република Македонија. Потоа, во име на сите наши членови се разбира и гости, да го поздавам и присуството на известувачот од Европскиот парламент за Република Македонија господинот Ричард Ховит, и се разбира да го поздравам фактот, дека на денешната седница ги имаме и амбасадорите на Кралството Шпанија и Велика Британија, и се надевам дека ваквото присуство заедно со голем број на пратеници и на претставници на земји членки на Европската унија, ќе ни овозможи добра дебата.

Се извинувам помалку за денеска влошените технички услови, моравме од технички причини да ја држиме седницата во Уставната сала, а не во салата Борис Трајковски, но се надевам дека тоа нема да влијае на квалитетот на работата.

Констатирам дека на седницата се присутни доволен број на членови на Националниот совет со право на одлучување со што Советот може полноважно да одлучува.

За денешната 17-та седница на Националниот совет за европски интеграции го предлагам вообичаениот дневен ред по објавувањето на Европскиот извештај, а тоа е Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2013 година.

Предлагам да го усвоиме овој дневен ред и да работиме по него.

Кој е за?

Благодарам.

Дали има некој против?

Воздржани?

Благодарам.

Констатирам дека е усвоен дневниот ред од 17-та седница на Националниот совет.

Извештајот на Европската комисија го добивме и во оригинал и на македонски и на албански јазик. На почетокот ќе му дадам на амбасадорот на шефот на делегација на Европската унија во Република Македонија господинот Аиво Орав, да го презентира Извештајот пред членовите на националниот совет.

Господине Орав, повелете.

**Аиво Орав:**

Госпоѓо претседавач, господа пратеници, господине Ховит, дами и господа,

Драго ми е што сум тука веќе втор пат за да го претставам извештајот за напредок за вашата земја. Среќен сум и што господинот Ховит е тука, затоа што од 1987 година, денес во Обединетото кралство беше најлошото време, па драго ми е што можеме да го видиме тука.

Ќе повторам само неколку најважни работи кои што ги споменав и минатата недела, кога го претставив извештајот за напредок.

Прво, сметам дека е многу важно тоа што Европската комисија по петти пат издаде препорака за започнување на преговорите со вашата земја. Тоа се навистина добри вести. Во исто време во извештајот ќе ги потенцираме истите прашања кои што ги потенциравме минатата година, а тука и дијалогот на високо ниво на 24 декември знаеме што се случи, тоа ја промени малку атмосферата. И денес, ги потенцираме следните прашања во Извештајот. Политичкиот дијалог е мошне важен и треба да се продолжи. Ние бевме сведоци на позитивни настани кон крајот на август и искрено се надевам и Европската комисија се надева дека ова искуство ќе се искористи и денес и во претстојните недели, месеци и години.

Второ, слободата на медиумите, има неколку значителни тешкотии по ова прашање.

Трето, владеењето на правото и особено ги споменуваме тужбите, а ги потенцираме и прашањата со притворот, затоа што тоа мора да биде во согласност со Советот на Европа и Конвенцијата за човекови права.

Продолжуваме со корупцијата. Направено е многу, но останува уште многу да се заврши. Тука се и добрососедските односи со земјите каде што очекуваме поголем напредок. Сепак, овие четири прашања остануваат во ваши раце. Политичкиот дијалог, слободата на медиумите, владеењето на правото и борбата против корупцијата. До состанокот во декември има речиси два месеци, искрено се надеваме дека ќе биде постигнат напредок во токму тие области. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Сега дозволете ми да го повикам и господинот Ховит, известувач за Република Македонија од Европскиот парламент, повелете.

**Ричард Ховит:**

Госпоѓо Шекеринска, често се среќаваме, како што се среќавам и со голем дел од колегите во оваа просторија, но ова е прв пат да присуствувам на седница на Националниот совет за евроинтеграции, заедно со господинот Орав и благодарен сум за таа можност што можам да бидам тука со поголем број од амбасадорите во вашата земја. Се надевам дека ова нема да биде моја последна можност да ви се обратам, затоа што ве гледам како главни учесници во процесот на евроинтеграции и како известувач на Европскиот парламент. Сакам да изградам силни врски со вас за идните перспективи кои што ќе придонесат кон сето тоа. Драго ми е што сите сакавте да ме видите денес тука, а се надевам дека ќе имаме можност и за приватни средби, подоцна. Мислам дека разбирате дека мојата улога и улогата на мојата мисија е да го направиме овој извештај и да донесеме наше расудување за сето тоа, а знаеме дека во вашата земја, се вклучени мошне голем број учесници со кои што ќе се сретнам деновиве и ќе зборувам со нив. И, се надевам дека во мојата работа гледате приказна и сето она што се случува во вашата земја. Тука сум и да се консултирам и да изградам консензус со моите колеги во Брисел, во Европскиот парламент, за да се обидеме да добиеме политичко прифаќање за почеток на преговорите и да ги унапредиме аспирациите на вашата земја кон пристапување кон Европската унија и да преговараме со нашите колеги во Европскиот парламент за да добиеме задоволителен исход за сето тоа. Господин Орав зборуваше за извештајот и јас мислам дека нема потреба да зборувам повеќе за тоа, она што сакам да го кажам на состанокот односно да разберам е каде постои усогласување, а каде несогласување со нашата анализа, сакам да го слушнам тоа од вас. Важно е да се потенцира дека Европскиот парламент е независен од Европската комисија, ние самите ги формираме нашите расудувања, јас имам голема почит околу комесарот Филе, тој ги сподели со мене сите очекувања од договорот од март. Но, јас имам независна улога, за  независно оценување на сите настани и сите резултати кои што ќе ги добијам од овие средби, ќе бидат вклучени во мојата понатамошна работа. Во среда ќе имам средба со неколку претставници и се надевам дека слободно ќе може да зборуваме со нив, со вклучени критики за политиките на Европската унија и верувам дека тоа претставува еден вид пример за политичарите во вашата земја и за нашата способност да ги разделиме функциите во структурите кои што ги претставуваме. Сакам да зборувам за две-три работи во извештајот кој што не ги спомена амбасадорот, а кој што мислам дека ќе бидат интересни за колегите во оваа просторија, мене барем ми беа интересни во контекст на овој состанок. Националниот совет за евроинтеграции има посебна улога и тоа го кажува извештајот во делот на поларизација и несогласувања помеѓу политичките партии и во Собранието и тешкотиите со кои што се соочуваат во добивањето национален концензус за политички дијалог на вашата земја и нејзините аспирации. Токму овој Совет има клучна улога во градењето на тој консензус во земјата меѓу политичките партии но и меѓу политичарите

и луѓето во целото општество. Јас навистина би сакал да слушнам, како го гледате овој коментар кој што е вклучен во извештајот и дали мислите дека може да ја ефектуирате таа препорака во таа насока. Што се однесува до реформите до јавната администрација јас го поддржувам она што го кажа Комисијата, и тоа нешто си се повторува во последниве неколку години, а тоа се пропорционалните права и застапеност на различните заедници во земјата, вклучувајќи ги тука професионалноста и мериторната вкученост. Јас знам дека тоа не е лесно за оваа земја но е совршено возможно фактот дека сеуште немаме бројка за јавните административци во земјата, претставува една загриженост и е тешко за земјите членки во Бирсел за да го разберат тоа. Веќе споменав нешто за прашањето околу граѓанското општество, мислам дека тука има еден голем дел во извештајот кој што е вклучен, токму за граѓанското општество и за овозможувањето на организациите од граѓанско општество да бидат вклучени во парламентарните процеси и во донесувањето одлуки. Тука можеби има информации кои што не им се достапни на пратениците, но се надевам дека ќе има подобра усогласеност затоа што тоа е спомената во извештајот. Кај нас беше усвоена Резолуција во Европскиот парламент, јас дојдов со цел список за насоки како може тоа подобро да се спроведе. Доколку колегите ме прашаат за ова во наредните ден - два јас навистина со драго срце ќе им одговорам.

Ова не е прв пат да седнам на маса кога некои од прашањата од вашата домашна политика не се решени, посебно во социјалната политика, во социјалните права и драго ми е што може да го дискутираме тоа на европско ниво. Тука е фер однесувањето кон ромската заедница, а тоа е навистина од централна важност, законодавството на Европската унија. Битно е во вашето општество дека е потребен еднаков третман на сите луѓе во општеството. Во дискусиите со заменик премиерот очекувам да слушнам нешто и за тоа, но драго ми е што можев да бидам дел од дискусиите кои што се одржаа на 10-годишнината, каде што дадов неколку охрабрувања за да се придвижи фазата на спроведување. Драго ми е што ќе можам да слушнам неколку коментари во таа насока. Извештајот е напредок е особено важен и добар за вашата земја, нема големи економски предизвици. Но во поглед на законодавстовото, слободата на движење на капиталот и на стоките, таму има помалку работа направено, но мислам дека важна да покренеме некои прашања кои што мора да бидат разгледани во поглед на достигнувањата и засилувањата кои што треба да се направат во земјата. Би сакала да ги слушнеме коментарите во врска со договорот со руската федерација за гасоводот и прашањето колку е тоа компактибилно за целите на оваа земја. А, и за предлозите за обновлива енергија нешто што оваа земја мора да го направи што е можно побрзо за да ја исполни целта 2020 и да се приклучи на земјите кои што веќе работат нешто на тоа поле.

Што се однесува до корупцијата. Соочувањето со корупцијата е мошне важно прашање за сите земји од западен Балкан не само во оваа земја, туку и во другите.

Мора нешто да се направи со борбата со корупцијата и јасно е дека е потребна работа. Во извештајот тоа се споменува има голема загриженост околу непостоењето на поделба меѓу државните функции и политичките партии особено во изборните процеси. Ако добро се сеќавам сеуште има целосна посветеност од оваа земја, да ги спроведе препораките од Охридски рамковен договор во целост. На крајот би сакала да поставам и неколку прашања госпоѓо претседавач на сите вас. Драго ми е што учествував и што бев дел од договарањето на мартовскиот договор. Бев во вашата земја неколку пати, фактот дека, бевте дел од анкетната комисија и од целата таа работа мене ми беше многу импресивен, знам дека тоа беше многу тешко за учесниците во сето тоа. На почетокот не излегов во јавност. Во текот на мојата посета, но сакам сега да ја искористам оваа посета, да кажам кои се важните чекори кои што треба да бидат чекорите кои што ќе бидат преземени за спроведување на препораките кои што ги усвои Анкетната комисија. Сакам да го поддржам спроведувањето на тие препораки. Што се однсеува до слободата на медиумите тоа е исто така главно прашање, кое ќе биде дискутирано во Европскиот парламент, знам дека ова е сложено прашање, прашање кое што е многу чувствително, токму во овој период во земјата. Се сретнав со новинари кои што сметаат дека има битни работи кои што треба да се споменат во Бирсел. Тука е и различноста во прашање, но фер би било пред овој Националниот совет да кажам дека има високо ниво на грижа, меѓу многу колеги од многу земји во Брисел токму околу слободата на изразувањето и медиумите во оваа земја. Ние, од блиску ги следиме дискусиите за Нацрт законот за медиуми, тука е иислучајот со Кежаровски, има и прекин на дискусиите помеѓу Владата и здружението на новинарите, нема да кажам многу на почетокот на мојата посета за овие прашања но, мора да знаете дека ќе слушам, се што ќе ми кажете, сакам да го слушнам тоа што имате да ми го кажете и во Брисел да ги отворам прашањата. Сакам да имам јасна перспектива, ако го немам тоа, тогаш нема да можам чесно да си ја завршам мојата работа во Брисел. Сакам луѓето да дискутираат за сето тоа и за тоа еднакво ќе ја искористам оваа посета, за сите прашања особено во делот селективната правда. Тоа не е проблем само во вашата земја, тоа е предизвик во многу земји од овој регион но, случајот со Кежаровски, подига прашања не сакам да коментирам за тие случаи, го почитуваме законодавството. Јас останувам на таа позиција, но фактот дека токму тие случаи се мошне познати и има многу критики, не само за македонските претставници, туку и од меѓународните организации и создава впечаток во Брисел, а и на меѓународно ниво, дека токму тие процеси се дел од селективната правда. Затоа, би сакал да ја искористам средбава, кажувам уште еднаш, да дознам нешто повеќе за тоа, и да го споделам тоа со моите колеги. Што се однесува до ИПА, ова доаѓа како одлична можност да видиме како ИПА ќе биде трошена во втората фаза која што започнува наредната година, и би сакал да добијам неколку идеи од вас за тоа, се надевам дека тоа ќе го зацврсти процесот на децентрализација во земјава. Сакам да слушнам коментари и во врска со тоа. Многу од вас веројатно

прочитале дека коментарите кои што ги давам во Бирсел, јасно покажуваат дека оваа земја не може да остане во статус кво позиција, не е во ред да се верува дека се одбиваат аспирациите за членство на оваа земја, година по година, а сето тоа има влијание врз напредокот.

Со вас сакам да продискутирам токму за тоа колкаво е влијанието на ваквите одбивања, сакам тоа детално да го продискутираме затоа што тоа може да биде една од одлучувачките работи и аргументите во Брисел. Тоа ме води до моето конечно последно прашање. Тука ќе ги спомењам сите учесници како да го уремнотежиме ова прашање пред Советот за министри.

Верувам дека Европскиот парламент ќе се искординира со Европската комисија околу препораката. Јас имам моја работа која што треба да ја завршам и се надевам дека исходот од процесот ќе биде добар,но мислам дека тоа нема да го добиеме од Европскиот совет. Тоа е ставот на Европската комисија на Европскиот парламент како и мој став дека Копенхашките критериуми се доволно исполнети и фер е да се каже дека дел од земјите челни на Европска унија не се согласуваат со тоа. Значи, не се работи само за вашите соседи, туку тоа се повеќе земји членки на Европска унија, за тоа треба да дискутираме пред декември. Што да направиме за да ги убедиме тие земји членки кои што не се убедени дека Копенхашките критериуми се доволно исполнети. Ова нема да може да се направи токму на денешната средба и само на денешната средба, но се надевам дека ќе можам да ги слушнам вашите разговори и дека нешто ќе може да биде направено во таа насока. Многу ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам господине Ховит за овој пријателски и отворен почеток на денешната дебата. Како што е вообичаено ќе почнеме прво со збор на Вицепремиерот за Европски интрегрaции, господинот Бесими. Веќе почнаа колегите да бараа збор.

Прв пријавен за збор е господинот Селмани, така што ќе ве замолам сите што барате збор да се пријавите. Јас ќе се трудам да водам вистинска евиденција.

Благодарам.

Повлетете господине Бесими.

**Фатмир Бесими:**

Благодарам госпоѓо Шекеринска, претседавач на Комитетот.

Почитувани присутни, ваша екселенција господине амбасадор и господине Ховит и други амбасадори од земјите членки, почитувани пратеници и  претставници на овој комитет.

Дозволете ми на почетокот повторно да изразам благодарност од страна на Владата за препораката, дефинитивната препорака на извештајот, односно што Европската комисија препорачува на Советот на Европската унија датум за почеток на

преговорите. Знаеме дека ова е петти пат по ред како Македонија се наоѓа во овој статус и ова создава оправдано голема политичка дебата во земјата дека статус квото дали е прогрес или не е и која е цената на тоа статус кво. Исто така, сакам да истакнам дека документот односно последниот извештај, имаме исто така дебата во политичкиот спектар, дали е тоа позитивен или негативен извештај или пак дали е прогрес или регрес, меѓутоа во најголема мера ние го гледаме како работен документ и секако дека за нас се битни сите аспекти кои што се забележуваат, дека Собранието има забележано прогрес во мината година, меѓутоа уште повеќе битни и повеќе ни скренуваат внимание препораките во делот каде што извештајот вели дека ние може да направиме повеќе или пак кажано поинаку, има потреба да инвестираме повеќе како државни институции и сиот спектар на нашето општество, Владата, Парламентот, судството, граѓанското општество и сите други.

Затоа сакам да кажам дека ние веднаш минатата недела организиравме комитет за работа, Комитет за Евроинтеграции каде што всушност ја разгледавме првата анализа од Секретаријатот за Европски прашања во однос на добиениот извештај за напредокот на нашата земја кој што беше објавен на 16 октомври и направивме една споредба на сета содржина, како со минатата година, така и со земјите во регионот. Минатата недела како што споменав сите институции кои што се официјално задолжени за доброто водење на овој процес, презедоа обврски да направат ревизија на националната програма за пристапување во Европската унија за следната година. Така што, да се направи ревизија на актуелната и да се дополни со препораките што ги добивме во актуелниот извештај.

Сакам да кажам дека ние сега веќе сме се зафатиле со работа и работиме на препораките што произлегуваат од извештајот со цел да согледаме кои работи или прашања што се адресирани таму се итни и можни за имплементација до декември.Така што, како што споменавте вие господине Ховит, да направиме измена на рамнотежата внатре помеѓу аргументите што се за Македонија.

Повторно апелирам за оваа работа, Владата не може тоа да го направи сама. Оваа работа треба да ја направиме сите како претставниците на Владата, претставниците на опозицијата, Собранието, другите институции, меѓутоа и една вистинска соработка со граѓанското општество, со медиумите, со здужението на новинарите и другите, во зависност од сегментите каде што можеме да забележиме дека може да направиме напредок.

Исто така, во оваа насока сакам да забележам нешто околу препораките што произлегуваат од извештајот, посебно тоа што се забележува во однос на политичкиот дијалог. Повторно изразуваме благодарност за тоа што во март вие лично и комесарот Филе овозможивте Македонија да надмине еден внатрешен предизвик и да го докажеме тоа што велиме дека сме изградиле потенцијали, или пак капацитети на демократски институции според Мастришките критериуми.Ова е предизвик, а пред нас стојат и други

предизвици и очекуваме работната група во Парламентот која што произлегува од Анкетната Комисија да ги заврши препораките како што беа во извештајот на работната група на Анкетна Комсија.

Исто така, што се однесува на медиумите и слободата на изразување, имаме најголема посветеност во таа насока да и во меѓународните извештаи и имиџот на нашата земја да биде подобар во иднината, демонстрирајќи веќе вистински дијалог помеѓу Здружението на новинарите и Владата во сите работи што следат во однос на уредувањето или пак консолидацијата на овој сектор во интерес на слободата на изразување.

Слободата на изразување е уставна норма што не може да ја прекрши ниту еден закон. Што се однесува на владеењето на законот или на правото, го цениме тоа што го забележал извештајот, дека се направени реформи во последната деценија и дека законодавството е на високо ниво и ќе се посветиме на сите аспекти, што се забележува таму, за зајакнување на независноста на судството, како и на зголемување на ефикасноста и квалитетот на судството. Имајќи ја во предвид и борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Исто така, тоа што мислам дека е битно и на кое што ќе се посветиме исто така, е фактот дека добро соседските односи, иницирајќи разни конструктивни иницијативи, со цел да се надмине и овој предизвик. Што се однесува на решавањето на споровите што ги имаме отворени, што ги имаме со соседите. Во една прилика споменав и сега ќе повторам дека реформите и отворениот и конструктивен пристап кон соседите се два комплементарни аспекти. Тие не се супституити кои што се заменуваат едни со други. Ние сме јасни и имаме длабоко убедување дека реформите без решавањето на спорот со името или пак решавањето на спорот со името без реформите не се доволни за интегрирањето во Европската унија. Тие две заедно ќе ни обезбедат добар пат кон Европската унија.

Со ова значи, сакам да дадам и една оценка во однос на тоа што го направи Европската унија, Европската комисија, минатата година во однос на процесот на иницирање на дијалог на високо ниво, кој што дијалог беше многу битен инструмент за одржување на динамиката на европската агенда во нашата земја, која што потоа се практикува и во другите земји во регионот. Меѓутоа тоа што, исто така останува познато за нас е дека овој механизам  е битен, меѓутоа не е доволен или пак не е замена или супститут на вистинските преговори. Тоа за што Македонија има потреба сега, се почетокот на преговорите и вистински преговори како што забележува извештајот во неговата препорака, односно почетокот на преговорите на Македонија за пристапување кон Европската унија. Тоа ќе придонесе уште повеќе кон внатрешните реформи, како во интензитет, така и во квалитет и исто така ќе придонесе уште повеќе во решавањето на отворените спорови, како што е отворениот спор со Грција и добро соседските односи со истата.

Со други зборови, датумот или препоракtаа за датум со кој што ја почнав мојата презентација, која што е главната препорака на овој извештај, за нас е можност и одговорност плус да докажеме со сите аргументи дека Македонија не само што сака, туку работи и е подготвена да почне со следната фаза на пристапување кон Европката унија. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор е господинот Насер Селмани, претседател на Здружението на новинари на Македонија, повелете.

**Насер Селмани:**

Ви благодарам.

Почитувани пратеници ваши екселенции.

Сакам на почеток да им се заблагодарам на претставниците на Европската комисија и на Европскиот Парламент за силната подршка за слободата на изразувањето и слободата на медиумите во Македонија. Ние сме убедени дека без обезбедување на слободата на изразувањето и слободата на медиумите во Македонија, Македонија тешко ќе може да напредува на патот на Евроинтеграциите.

На почеток сакам да го изразам моето разочарување од предолгиот притвор и екстремно високата казна од 4,5 години затвор за новинарот Томислав Кежаровски, поради објавен текст од пред 5 години, за наводно откривање на идентитет на заштитен сведок. Сигурно дека мојата намера не е денеска да ја коментирам судската одлука, туку имам намера да спомнам само некои факти кои сметам дека се важни во оваа прилика.

Во извештајот на Европската комисија за Македонија во делот на правосудниот систем има ваква оценка. Во однос на независноста на судството има тврдења за селективна правда, индиректен политички притисок, или дека правадата не треба само да се спроведува, туку треба и да се види, и дека има сериозни сомнежи за независноста на судството во Македонија. Ова ли е независното судство кое го осуди Кежаровски, а сега никој не може да интервенира и да ја поправи штетата. Овие делови од Изваштајот значат дека ние како општество, Парламентот, Владата, политичките партии, граѓанскиот сектор сме потфрлиле во намерите да изградиме независен судски систем во кој ќе веруваме сите. Затоа денеска никој од нас не може да се амнестира од одговорноста и да се огради дека тој случај е прашање само на судската власт.

Сакам да ве охрабрам сериозно да го следите случајот, иако судската и извршната власт не најдат начин да ја поправат грешката, да размислите и за амнестија

на нашиот колега. Нема да биде ниту прв, ниту последен пат, затоа што овој Парламент има донесено неколку закони за амнестија.

Второ. Ние сме убедени дека пресудата за Кежаровски не е во согласност со судската пракса од Европскиот суд за човекови права во Стразбург. Ако не се поништи, тоа сигурно ќе падне еден ден пред Европскиот суд и Македонија ќе се осуди за кршење на правото на слобода на изразување. Ние не најдовме ниту една одлука од овој суд кој одобрува ваква казна по ваков основ, дури и Хашкиот суд, осуди неколку новинари за откривање на заштитен сведок за предмети за воени злосторства, но ниту еден од нив не беше осуден со казна затвор, туку беа осудени условно. За жал, ваквото однесување на судот, уште повеќе ќе го наруши и така лошиот имиџ на земјата во светот и ќе ги намали нејзините шанси за што побрзо зачленување во Европската унија и НАТО.

Трето. Овој случај има екстремно негативно влијание и врз слободата на изразувањето, затоа што ги одвраќа новинарите да истражуваат за евентуалните злоупотреби на институциите. Овој факт не е земен во предвид кога судот одлучувал за овој предмет. Во секој извештај на Европската унија за Македонија постојано не потсетуваат дека во медиумите е присутна самоцензурата, ако не се поништи ваквата пресуда не само што нема да ја решиме, нема да ја отстраниме самоцензурата од медиумите, туку уште повеќе ќе ја зајакнеме, што негативно ќе се одрази на квалитетот на медиумските услуги, понудата и правото на јавноста да добие точни и избалансирани информации.

Почитувани, негативни оценки во Европскиот извештај има и за слободата на изразувањето и слободата на медиумите. Таму се тврди дека репутацијата на државата во однос на слободата на медумите, продолжи да се влошува и на домашно и на меѓународно ниво и дека клучните разлики за законите за медиуми остануваат не решени. Сакам да ја изразам нашата подготвеност како новинарско здружение, да седнеме со претставниците на сите одговорни институции во земјата, да најдеме одговори за забелешките на Европската комисија и да дадеме аргумент плус на Европскиот совет, во декември да ја потврди препораката за започнување на преговорите за членство. Ова е искрено подадена рака на институциите, зошто ние се чувствуваме одговорни за оваа состојба. Ние можеме да помогнеме, но ние не можеме никого со сила да натераме да ги почитува забелешките на Европската комисија.

Сакам да ве повикам да ја подржите идејата на еден ваш колега, која беше промовирана минатата недела. Законите да се повлечат од собраниска процедура и да ни се даде уште една можност заеднички да ги дискутираме спорните точки и да се обидеме да ги надминеме нашите разлики.

Прв пат во извештајот на Европската комисија во делот на медиумите како императив се поставува и прашањето на владините реклами. Комисијата вели дека тие се насочени само кон владините медиуми со што им се дава финансиска предност пред останатите медиуми. Мислам дека се согласуваме дека секое огласување на јавните

институции во медиумите треба да биде транспарентно. Мора да се дефинира јасно, јавниот интерес во тие владини кампањи.

Потребно е да се утврдат неутрални критериуми за дистрибуција на рекламите. Кампањите не смеат да станат пропаганда на една политичка опција, финансирана со јавни пари на граѓаните. ЗНМ и тука е подготвено да помогне со конкретни предлози, ако за тоа има политичка волја. Ви благодарам за вниманието.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам господине Селмани.

Следен за збор е господинот Сафет Бишевац, повелете.

**Сафет Бишевац:**

Благодарам госпоѓо претседател.

Почитувани колеги, Ваши екселенции. Дваесет години работев во новинарството. Непосредно пред затварањето на тогаш најмоќниот медиум во оваа држава А1 телевизија, веќе беше јасно дека новинарството во оваа држава умира. Тоа за жал не сакаат сите да го видат или не смееа да го видат. Јас тогаш донесов одлука, својата битка како новинар да ја продолжам во сферата на политиката.

Денеска пред вас ќе зборувам како политичар, но сакам повторно јасно и гласно да го искажам својот протест против затварањето и осудата на новинарот Томислав Кежаровски. Оваа маица што ја носам денеска овде, не е  само симболичен протест против она што му се случува на Кежаровски, туку сериозен револт и повик сите заедно да влеземе во битка во оваа држава никој повеќе да не страда заради напишан текст или заради јавно искажан став.

Суштината на проблемот со слободата на изразување и медиумската слобода во оваа држава е многу едноставна. Владата и власта контролираат се, практично се. Тоа веќе не е тешко ниту да се види во Македонија, а особено нема да биде незабележано во извештајот за напредокот на оваа држава на евроинтеграциските патишта. Нема да биде незабележано во Извештајот за напредокот на оваа држава на евроинтеграциските процеси. Но тоа што ќе биде саморегистрирано и од Европската комисија и од домашната јавност, не му помага на Кежаровски. Случајот Кежаровски е парадигма за состојбата во која се наоѓа Република Македонија. Сите клучни забелешки што ги содржи Извештајот на Европската комисија се содржавни во овој случај, буквално сите. Од партизирано судство, од корупција, од селективна правда, од немање слобода на изразување и медиумски мрак. Буквално сите. Се е сконцентрирано во случајот Кежарвоски. И тоа мораме да бидеме чесни да го признаеме и ние од опозицијата дека не сторивме доволно, но особено мора да бидат чесни и пред се луѓе пратениците од владеачкото мнозинство. Оваа пресуда е и нивни срам. Оваа пресуда е срам за Република Македонија. Оваа пресуда ќе биде фатална грешка на оваа држава

доколку во најскоро време не се исправи. И низ правните аргументи кои им стојат на располагање на човекот кој ја врши функцијата претседател на Република Македонија, ова ќе биде срам за Владата на Република Македонија која има инструменти да побара негова амнестија. Ние целата работа како Парламент ја сведовме на тоа дека случајот Кежаровски практично е нешто без што не можеме да влијаеме. Не може точно опозицијата, но пратениците од владеачкото мнозинство можат. Господинот Селмани даде добар предлог и мислам дека  мнозинството во Парламентот треба и мора да го разгледува тој случај. Тоа мора во најскоро можно време да се најде на дневен ред на Парламентот. Инаку, коцкулата медиумска култура ќе остане само завиена обланда за нешто што се вика медиумски мрак. Нема напредок на патот кон Европа доколку немаме почитување на основните човекови права, доколку немаме независно судство, доколку немаме слободни медиуми. Тоа се темелите на модерните европски држави. Овој Извештај годинава за сите оние кои сакаат да видат, содржи јасна позиција на сите овие полиња, Македонија не напредува, Македонија назадува. Буквално на сите. Ја имате оценката за партизираноста на судството, за селективна правда, за медиумски мрак, за корупција во највисоките врвови на власта, тоа е пат за сите оние кои сакаат да го видат. Јас знам дека мнозинството во Парламентот има одличен аргумент, повторно добивме препорака по петти пат, така и господинот Орав ја почна практично својата дискусија и тоа треба да се поздрави и ние го поздравуваме. Фактот дека Европската комисија и покрај сите проблеми се бори за оваа држава, ама само така треба да го разбереме дека тие и во случај кога ние се покажуваме како незрели, недораснати за една историска задача која е пред нас како луѓе, не како пратеници, како луѓе кои имаат визија за своите деца да им обезбедат подобра иднина, иднина на европска шанса, за подеднакви шанси за сите. Тоа на оваа држава и го должиме како луѓе не како политичари. А таа улога ќе признаете секој од нас ја има. И оние кои се во оваа зграда но и граѓаните. Сите граѓани на оваа Република Македонија имаат обврска, не право, обврска да се борат за иднината на оваа држава. Политичарите имаат друга обврска, да бараат решение за сите проблеми кои се на тој пат. Жалам што владеачкото мнозинство во целата оваа приказна го користи само аргументот дека повторно Македонија доби препорака и повторно нема да добиеме датум за преговори само заради една причина Република Грција. Тоа едноставно мора да се каже јасно и  гласно и тука му честитам на господинот Ховит кој имаше доблест да каже, дека дел од неколку земји членки на Европската унија имаат сериозни резерви за тоа дали Македонија ги исполнува основните Копенхашки критериуми. Тоа е проблемот, тоа треба да им се каже на граѓаните. Дека Европската комисија во овој случај практично замижува на едно око, за наше добро ни дава шанса и покрај регистрираното назадување во клучните области, ние да останеме во игра практично. Одржувањето на статус кво ситуацијата ќе не чини сите. Буквално сите. Земјите од регионот грабаат со брзи чекори напред, да не ја заборавите Србија и примерот на Србија. Таа мроа да биде пример за оваа земја.

Мораме да седнеме и да најдеме начин да ги решиме клучните проблеми. Со забивање глава во песок нема да им помогнеме на граѓаните, нема да му помогнеме на Кежаровски, и нема на крај да и помогнеме на Република Македонија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор е господинот Антонио Милошоски, повелете.

**Антонио Милошоски:**

Благодарам почитувана Шекеринска, почитуван амбасадоре Орав, почитуван амбасадор на Кралството Шпанија, на Велика Британија, почитуван заменик претседател на Владата на Република Македонија, почитуван известител господин Ховит и наш драг пријател на Република Македонија.

Почитувани присутни, она што би сакал на почетокот да го кажам е дека ова за Република Македонија овој петти Извештај со последователна позитивна оценка и препорака за започнување на преговорите е доказ дека државата има капацитет да го исполнува тоа што е критериум и норма. Да го постигнува тоа што е утврдено со европските правила и да покаже дека е земја која што е зрела да ги отпочне проговорите за членство. Ништо повеќе и ништо помалку. Тие кои што спорат со позитивната оценка на извештајот не спорат со парламентарното мнозинство. Опозицијата во Република Македонија очигледно дека моментот е опозиција на комесарот Филе затоа што наоѓа грешки во заклучоците во кои што земјата позитивно се оценува. Она што сакам да го истакнам во Извештајот се неколку клучни поенти. Првата е дека европската агенда е оценета како стратешки приоритет на Република Македонија. Тоа значи, на Владата, на Собранието, на политичките партии, на граѓаните, на сите чинители во нашата земја.

Вториот важен заклучок е дека во најголемиот дел од законодавството Република Македонија има достигнато напредно ниво на усогласеност со законодавството на Европската унија. За една земја која што толку години се наоѓа под блокада и работи под не секогаш поволни околности и не секогаш е објект на принципиелна политика од земјите членки или некои земји членки на Европската унија ова е значајно достигнување.

Третата работа која што не можеме да ја одминеме никој во Република Македонија не може да збори за евроинтегарции ако не биде споменат или ако се обидеме да го заобиколиме проблемот кој што го наметнува соседна Грција. Ние можеме да најдеме многу изговори, многу објективни и субјективни оценки за нашите сопствени недостатоци. Но има еден клучен факт да не беше блокадата од соседна Грција, Македонија одамна ќе почнеше преговори за членоство во Европската унија. Да не беше блокадата на соседна Грција, Македонија веќе ќе беше земја членка на

Европската унија  и никој не може ниту пак треба да го релативизира овој наш заеднички проблем, проблем на регионот, на Република Македонија, на Грција, но и предизвик за кредибилитетот на европските интеграции.

Четврто, свесни сме сите без разлика дали сме пратеници од владеачкото мнозинство или од опозицијата, без разлика дали сме биле новинари или не сме биле во претходниот мандат, или сме политички или не сме определени дека во Македонија постојат недостатоци во правосудниот систем. Но недостатоците во судскиот систем нам не ни даваат за право Парламентот да го претвориме во судница. Собранието не треба да биде управен суд, Собранието не треба да биде кривичен суд, Собранието не треба да биде политички суд.

Ние имаме обврска како што ни налагаат надлежностите да даваме отчетност и да работиме под надзор на јавноста, да го побараме истото и од судската власт да има отчетност, да работи под надзор на јавноста, да се реформира, да се унапредува и да ги зема во предвид сите практики во земјите членки на Европска унија и земјите членки на Советот на Европа за да не ни создава дополнителни товари таму каде што никој од нас не ни имал намера да создава. Слободата на медиумите може да биде постигната само до колку има рамноправен долгорочен дијалог помеѓу политичарите и медиумите, помеѓу новинарите и власта, но пред се мора да се изгради взаемна доверба која што е основа за една медиумска култура како што е терминот наведен во Извештајот на Европската комисија.

Петтата поента која што сакам да ја истакнам по однос на овој Извештај е она што неколку пати го споменуваме сега го спомна и пријателот Ховит што можеме ние да направиме повеќе за да дадеме дополнителна муниција не само на Европскиот Парламент, туку пред се на земјите членки на Европска унија во декември да имаат подобра стратна позиција, барем оние кои што се пријателски настроени кон проширувањето, да и помогнат на Република Македонија. Што може да направи Собранието на Република Македонија. Собранието не може да носи нови пресуди, но Собранието може да донесе подобар Деловник. Ние имавме минатата година 24 декември, имавме собраниски непосакувано ситуации, кои што за релативно краток период и со пријателска поддршка од претставниците на Европска унија на први март оваа година беа премостени со еден заеднички договор од кој што произлезе основањето на работната група за заеднички заклучоци кои што треба да бидат преточени во собранискиот Деловник. Затоа она што може Собранието да го направи за својата држава во овој краток период пред Советот на Европска унија во декември е заклучоците од 26 август на работната група на најголемите политички партии да ги преточи во деловнички норми со динамика која што ќе биде заеднички утврдена или сите одеднаш или една по една или на одредени групи како и да се договориме и како да биде најдобро за македонското Собрание. Но тоа можеме за релативно кратко време и тоа може да биде наш придонес во подобрувањето на репутацијата, угледот и

позитивните оценки во рамките на Европска унија и на одлучувањето. Состојбата на статус кво е неодржлива и за Република Македонија, а не е одржлива ниту за Европската комисија. И Европската комисија има одреден углед, и Европската комисија има репутација и Европската комисија инвестира време и енергија за сите извештаи и за нас, но и Европската комисија е многу непријатно по петти пат да бидат ингорирани нивните препораки и тоа не без последици. Повторното ингорирање на препораката за почеток на преговорите на Република Македонија со Европска унија ќе има штетни последици врз Република Македонија.

И на крајот тоа што сакам да го истакнам е дека во европските институции во кои што не се одлучува со консензус, во кои што ветото не е инструмент за блокирање на одлуки Република Македонија добива позитивни извештаи, во Европскиот Парламент и во Европската комисија. Ние можеме како земја кандидат да очекуваме и сега и во иднина дека ќе бидеме позитивно оценувани. Кога велам позитивно мислам и на објективно со сите забелешки и надостатоци. За жал таму каде што ветото е суште инструмент Македонија не добила одлука соодветна на она што го сработиле. Затоа она што уште еднаш ќе го потенцирам тука на оваа седница е дека македонското Собрание за подобрување на функционалноста на оваа институција и за подобрување на угледот  на државата и повеќе аргументи кај нашите пријатели во рамките на Европска унија може и треба во што побрз временски период заклучоците од август на работната група да ги преточи во деловнички норми. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Следна за збор е госпоѓа Мерал Узеири Ферати, повелете.

**Мерал Узеири Ферати**:

Благодарам претседателке, почитуван амбасадор господине  Орав, господине Ховит, почитувани екселенции,

Јас мојата дискусија сакам да ја почнам со една изрека која следи: дипломатот е лице кое може да им каже одете по ѓаволите на тој  начин што вие едвај ќе чекате да фатите пат за таму. Соодносот меѓу евроинтеграцијата и демократизацијата се една неоделива цел. Значи колку е поблискиу едно општество до Европска унија или пак некоја држава толку е подемократска. Демократскиот дефицит е еден елемент кој што едно општество го одалечува од овој процес односно го води до изолација и овој став е прифатен како од внатрешните така и од меѓународните фактори. Значи демократизација значи интеграција и обратно. Тежнеењето кон овие процеси е дел од политичките реторики. Меѓутоа  има една суштинска разлика помеѓу изјавите и тоа што се нарекува сериозен ангажман во оваа насока, во насока на процесот на членство во Европска унија. Процесот на интеграција или пак тежнеењето автоматски произведува

демократско општество или пак демократско држава. Општеството или пак демократската држава која што е достојна за евроинтеграции треба да исполни серија критериуми како на внатрешен така и на надворешен план. И кога сме кај последниот Извештај за напредокот на Република Македонија истиот би ги нарекла дека е документ кој што дизајниран со преоптеретен дипломатски јазик кој што секогаш ни дава до знаење дека вратите на оваа држава се отворени кон членство во Европска унија, меѓутоа потребен е сериозен ангажман. Во прв ред да се отстранат многуте дефекти кои што го има оваа држава. Повеќе стимулативен отколку реални се деловите кои што констатираат движење напред во некои сегменти, меѓутоа како спомнав погоре тоа е повеќе за да се издигне моралот од сивата реалност на граѓаните на Република Македонија.

Почитувани колеги, во дипломатијата не ретко лошите зборови се штедат и најострите критики се артикулираат меѓу редови како препораки или скрининг, или пак изрази на грижа или пак формулација од типот дека е потребен поголем ангажман. Како многу проблематично прашање и понатаму останува судството. Судството сите знаеме дека е целосно инструменатализирано во Република Македонија. Се согласувам целосно со Извештајот каде што пишува дека судството работи на селективен начин и најтипичен пример ќе го земам е случајот Сопот. Поминаа 10 години сега веќе на сите им е јасно дека се работи за монтиран процес кој што нешто беше фактирано и докажано на судските рочишта и се докажа невиноста на тие обвинети. Меѓутоа од друга страна истите луѓе сеуште се затворени во затвори и нивната голгота нема крај или епилог во судскиот лавиринт.

Друг пример, ќе го кажам Ибраим Сулејмани кој што почина во затвор иако истиот беше амнестиран и тоа два пати, еднаш во 2002 година, втор пат во 2011 година со автентичното толкување. Меѓутоа што се случи? Истиот почина во затвор затоа што не се спроведе законот кој што гарантираше негова слобода. Тука исто така вреди да се спомне и случајот на акцијата Монструм, процес кој што никако не добива епилог. Преку овој случај Владата на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ настојуваше да ги претстави Албанците како екстремисти и тоа исламски терористи. Последниве денови имавме една скандалозна осуда од четири години која што беше изречена на мајката Фериде од оваа иста судска власт, ќе кажам „реформирана судска власт“. Замислете жена во одминати години се осудува за недозволено носење на оружје или држење на оружје. Ова е тоа судство кое што наводно ја врши работата на неселективен начин.

Одиме понатаму, во Извештајот ни се препорачува да се подобри политичкиот дијалог. Сега повеќе е од евидентно дека во Република Македонија нема политички дијалог. Исто така не се препорачува слобода на медиумите како и потреба од остранување на притисокот што се прави на медиумскиот етер. Ако за 5-6 пати и повеќе пати се спомнува Македонија во овој дел останува загрижувачки токму делот на слободата на изразување поради многуте притисоци кон новинарите и сопствениците

на медиумите и како последица на тоа се влошува медиумската слобода. Се препорачува и подобри меѓуетнички односи, меѓутоа сите сме сведоци дека во последно време имаме вистинска поларизација на меѓуетничките односи. Тоа можеме да го гледаме и во секојдневниот живот. И, во пријателските спортски натпревари повторно има фашизоидни скандирања што се прават од страна на македонските навивачи кон албанските навивачи. Или пак пример тепањето на учениците Албанци на улица, во автобуси, на училишта, насекаде. Значи во исто време од тоа се гледа дека нема почитување и на човековите права во Република Македонија. Грижата или загриженоста е постојана поради отсуство на владини програми или дефицитот за автоцензура. Во Извештајот се истакнува потребата од фискална рамка и зајакнување на фискалната дисциплина. Ова е дипломатски речник за тоа. Како инаку може да се каже ние можеме само да претпоставиме. Комисијата бара зајакнување на демократските институции, почитување на основните човекови права и слободи, добрососедски односи, соработка и потреба од постојани напори за надминување на билатерални односи меѓу земјите во процесот на интегрирање во земјите на Европската унија. Билатералните прашања ни препорачуваат од Европската унија во контекст на блокадите од Грција и од Бугарија во аспект на интегрирањето на Македонија потребно е да се најде решение за името без натамошно одлагање како и постигнување на билатерален договор со Бугарија. За да не должам многу ќе завршам со мојата дискусија со две сугестии на високите претставници на Европската унија кон Владата. Во едниот стои дека итно треба Република Македонија да оди кон Европската унија. Хрватска доби статус кандидат за членство, а денес во истиот ден како и Македонија но Хрватска денес е членка на Европската унија, а Македонија е во фаза пред почетокот на преговорите. Значи таа е заглавена на истото место на истата позиција. Македонија не направи ништо, не сработи ништо за да ги подбри условите со цел да стане членка на Европската унија. При разгледување на извештајот господинот Штефан Филе апелираше до раководството на земјата да ја извагаат цената што ја плаќаат граѓаните. Поради теков на овој процес Филе рече статус квото остава последици затоа што државата губи многу време како и нејзините граѓани. Значи ставете ги на вага и преземете ја одговорноста. Граѓаните не бараат никакво оправдување туку бараат резултати. Колку поблиску до Европската унија да биде едно општество или една држава, ќе повторам толку е подемократска таа држава, демократскиот дефицит е токму елементот што едно општество или една држава ја оддалечува од овој процес ја води кон изолација.

**Радмила Шекеринска:**

Ќе продолжи се разбира и амбасадорот Орав и господинот Ховит ќе заминат заради други обврски така што дозволете ми прво да му дадам збор на амбасадорот Орав, а потоа и на на Ричард Ховит.

**Аиво Орав:**

Ви благодарам.

Би сакал да споменам само неколку работи. И претходно споменав технички овој извештај за напредок е напишан од Европската комисија, но суштината ја пишувате вие самите. Владата, опозицијата, сите учесници во земјата. Денес слушнав одредени проценки дека овој извештај е позитивен или негативен. Ова е само платформа за натамошна работа која што треба да се направи. Европската комисија само ви дава рака која што треба да ви помогне, насока. Извештајот за напредок не е казна, тоа е привилегија. Тоа го пишуваме за земји кои што ги гледаме како идни членки. Не ги пишуваме извештаите за Кина, за Руската федерација, за Виетнам или за Мароко. Слободата на медиумите беше спомената многу пати. Не би можел повеќе да се согласам со Антонијо Милошоски и она што тој го кажа. Довербата меѓу новинарите и Владата е повеќе од неопходно во оваа земја. Тоа е причината зошто ова беше дел од договорот од 1 март. Случајот со Кежаровски, извештајот за напредок го покрива периодот од 1 септември до 31 август оваа година. Го спомнуваме притворот. Денес одблиску следиме што се случува со овој случај. Проценката ќе дојде кога сите факти ќе бидат релевантни. Мојата конечна точка, преговорите со вашата земја, препораката тоа значи дека Комисијата верува дека вашата земја е подготвена да ги започне преговорите. Денес комисијата мора да ги убеди земјите членки дека да, ова е вистиската одлука која што е донесена. Ве молиме помогнете ни да ги убедиме земјите членки. Ви благодарам.

**Ричард Ховит:**

Ви благодарам.

Ова е крај на состанокот. Ние се обидуваме да одговориме на она што го кажувате туку тука сме за да слушаме амбасадорот и јас внимателно забележуваме се што беше кажано. Ова е мојата прва средба. Ќе се сретнам со сите партии и претставници подоцна сите кои што се во оваа просторија во текот на неколкуте наредни дена ќе ги продолжиме приватно овие дискусии, но за мене беше многу корисно да ве видам како Совет за евроинтеграции, да видам како работите и што мислите за извештајот. Се надевам дека ќе имаме многу други вакви прилики во иднина. За прашањето за новинарството тие што доминираа на дебатата. Сакам да го слушнам она што се кажува во таа насока и во текот на мојата посета можеби ќе имам нешто повеќе да кажам за тоа особено во среда кога ќе завршам и ќе имам прес конференција но сега нема да кажам ништо повеќе за тоа прашање. Се согласувам дека македонските и европските политичари се генерално оние кои што го прават законодавството и целата дисциплина. Во дискусијата денес беа споменати и принципите кои што се почитуваат и го почитуваат истражувачкото новинарство како

концепт, го подржуваат плурализмот во медиумите, како може тие да бидат унапредени, подобрени.

Би сакал да му кажам на претседателот на  Здружението на новинарите дека сакам да се видам со него и дека ја очекувам средба за да слушнам нешто повеќе. Мене ми беше од голема корист тоа што извештајот на Комисијата излезе на 16-ти а веднаш потоа следуваше протестот за Кежаровски. Токму ние политичарите треба да ги решаваме тие прашања не само за тој случај туку генерално за слободата на медиумите. Колку опасно звучи тоа. Не треба да дискутираме за тие прашања доколку сакаме успешно пристапување. Две конечни работи. Зборував поларизацијата во земјата за вашата улога во надминувањето на истото ја гледам оваа поларизација и сакав да слушнам како тоа се дискутира на овој состанок на многу љубезен начин. Сметам дека токму на тој начин може да се градат и другите работи.

Слушнав што кажа господинот Милошоски за Деловникот на Собранието. Во февруари, март изминатава година споменавме дека Деловникот мора да се промени кога една од партиите не беше присутна во Парламентот. Тоа може да биде протолкувано како директна критика за една од партиите тоа не беше идејата, тоа треба да се протолкува како факт дека сите партии треба да бидат интегрирани. Јас го прифаќам предлогот на господинот Милошоски околу Деловникот и тоа да се направи пред состанокот на Советот во декември за промените да бидат во духот на меморандумот кој беше потпишан. Тој ја добива мојата поддршка за неговиот предлог. На крај околу она што беше кажано меѓу сите вас. Се спомена Хрватска и нејзиното членство кое што започна годинава. Може да имаме датум и за Србија, може да имаме кандидатски статус за Албанија, но знаеме и дека претпристапните фондови се повлекуваат од БиХ поради недостигот на напредок. Знаеме и дека се затворени дискусиите околу  пристапувањето на Исланд. Нема можности за некакво прекинување на пристапниот процес, како што кажа господинот Орав извештајот се прави за луѓето на оваа земја, но на луѓето и институциите им останува да направат се што е во нивна можност а јас ве уверувам дека јас и моите колеги ќе се обидеме да го постигнеме најдоброто. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Ќе продолжиме едно две минути само чисто како придонес кон ваквиот тип на работење на Националниот совет и потпретседателот на Националниот совет и претседателот на Комисијата за европски прашања и јас токму за да дозволиме поширока дебата не стигнавме на ред пред нашите гости, меѓутоа со тоа сакавме да овозможиме и особено на известувачот Ховит да чуе еден поширок круг на различни мислења и сакаме да го поздравиме фактот што е три дена во Македонија. Ќе има прилика да се запознае со целосниот плуралитет во размислувања и да кажам дека еве

и официјално го поканувам во други порелаксирани околности повторно да дојде и да учествува во нашата расправа. Ви благодарам господа.

Следен за збор е господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:**

Благодарам госпоѓо претседател.

Искрено ми е жал што господинот Ховит замина, сакав нешто да го прашам но еве се надевам дека ќе му биде пренесено.

Прво мислам дека би било добро околу извештајот во наредните години кога се однесува за Македонија да не гласи извештај за прогрес на државата кон Европската унија туку да биде извештај за напорите на Република Македонија да биде членка на Европската унија.

Второ, господинот Ховит спомна а слушајќи го и господинот Филе неговото излагање во Европскиот парламент дека во иднина на сите земји аспиранти и кандидати особено внимание ќе се посвети на Копенхашките критериуми. Сериозно сум загрижен дека тоа е голема опасност за Македонија бидејќи ние тука ќе се соочиме со проблемите кои што од почетокот со кандидатскиот статус на Македонија се соочуваме а сега се само мултициплира. Значи само за потсетување тука се најфреквентните теми слободата на медиумите, човековите права и слободи, независното судство, корупцијата и криминалот, она што е македонската лична карта во овој момент пред светот. Да бидам искрен сериозно сум загрижен што Владата на Република Македонија повеќе не го сваќа сериозно она што ни го кажува светот. Си има своја агенда и си ја турка таа агенда, а Европската унија не е приоритетната агенда на Владата на Република Македонија. Ќе кажам и зошто. Се говори дека овие прашања кои веќе беа и спомнати дека треба да бидат опсервирани натаму од власта но да се остави самостојноста на судството, новинарите итн, сами да си ги уредуваат односите а ние само да набљудуваме и од време на време да критикуваме. Не сакам да ви одземам многу време, но кога станува збор за слободата на изразување единствени две земји од Европа во кој што е осуден новинар се Русија и Македонија. Не постои друга земја во историјата во кој што е осуден новинар и тоа не треба да не интересира, тоа е работа само на судството. Јас говорам за Европа. Турција не е членка на Европската унија. Иста е како нас. Понатаму ние сме единствената земја во Европа и во светот во која после 300 години реформите на Кронвелс се исфрлаат пратеници од Националното Собрание. Прашање е како може да се премостат тие проблеми.

Трето, чекањето или држењето статус кво на Македонија и не повикувањето на датум за преговори баш би сакал да ги чујам луѓето од Европа да ни кажат колку години Македонија со тој статус може да издржи, да го поткрепам своето прашање со аргументи.

Во 2012 година за прв пат во Македонија имате повеќе умрени отколку новородени. Оваа година динамиката на иселувањето од Македонија е зголемена односно овие неколку години  наназад. Ако продолжи таа тенденција мислам дека ќе останеме држава без народ ако така ни се отвараат границите на Европа.

Понатаму околу клучните проблеми, дали Македонија навистина она што рече господинот Милошоски ќе беше досега членка на Европската унија доколку не беше проблемот со Грција. Ама ете постои проблемот со Грција. Е, како ќе го решиме. Бидете сигурни проблемот сам по себе нема да се реши. Некој мора да го реши. Како што гледаме сите Европската унија принципиелно ја критикува политиката на Грција но не направи ништо особено да ја натера Грција тие безумни барања кон Македонија да не ги поставува. Значи останува ние тоа да го направиме да креираме успешна политика. Говориме дека тоа е сериозен проблем. Дали ние правиме сериозни напори тој проблем да го решиме. За мене дефинитивно е јасно дека владата не е подготвена да потпише спогодба за компромис со Грција. И како што гледате алтернативната политика на Република Македонија веќе постои, веќе се идентификува. Македонија се свртува кон Индија, Кина, Русија и Европа веќе не е приоритет на Владата на Република Македонија. Ако е така би сакал да ме демантирате. Погледнете каде Македонија бара евентуални странски инвестиции. Не ги бара во европските земји, ги бара токму во овие земји.

Знаете зошто го правите тоа, ако ме влечете за јазик. Со сите поволности што им ги давате**.** Човекот рече отворено на Македонска радио телевизија, бидејќи овде ни е џабе се, ни плаќаат даноци, ги ослободуваат работниците, не ги плаќаат практично ништо. Македонија го плаќа присуството на Кроберг и Шуберт во Македонија, а за платите да не зборувам, не смеат да кажат колку луѓето земаат плата. Но тоа е тема за која навистина вие треба повеќе внимание да посветите. Мислам дека вие како партија веќе, како Влада која сите овие години владее со Република Македонија треба да испорачате она што го ветивте, дека Македонија ќе биде членка на НАТО и на Европска унија. Не е членка на Европска унија, значи една политика практично крахираше, нема резултати. Ако нема резултати таа треба да се менува. Извинете малку е вулгарно, ама на јавната куќа ако не и иде добро не ги менуваат креветите, менуваат нешто друго. Според тоа ако оваа политика е неуспешна тогаш треба да се најде алтернативно решение. Повелете на јавна сцена кажете како Македонија да излезе и да ги реши сите овие прашања. Разговараме, не разговараме, преговараме, не преговараме. Дали дебатираме на јавна сцена преку медиумите. И тоа не го правиме бидејќи секогаш ќе се испостави проблемот дека дебатата на јавна сцена се само губење на време во оспорувањето на програмите на владеачката партија.

Да завршам, мислам дека не може да стане збор апсолутно за позитивен извештај. Зошто не го поставите прашањето поинаку. Ако пет години Македонија не добива датум за почеток на преговори, пет години Македонија нема шанса да почне да

влегува во тоа големо друштво. Зошто не го поставите прашањето така, туку пет години во континуитет Македонија добива препорака, ама не ги почнува преговорите. И дефинитивно дали може некој да ми каже која е разликата, ако Македонија не добиеше порака и една година чека до следниот Извештај и од ова што сега го имаме пет години по ред добиваме препорака, ама не ги почнуваме преговорите. Која е сушстествената разлик?. Би било добро да го чуеме. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**: Благодарам.

Следен за збор е господинот Мирчев, а потоа Тања Хафнер Адеми.

**Димитар Мирчев**:

Благодарам претседателке, уважени гости, колеги,

Јас и минатата и пред минатата во приликите во кои ги разгледувавме овие извештаи се заложив за тоа Национален совет за евроинтеграции да биде едно место што каде сите членови и од опозицијата и власта и од невладиниот сектор, па имаме колеги од црквите итн. ќе се концентрираат на тоа да извлечеме доволно аргументи, работни сугестии за тоа како државните органи треба да им приоѓаат на овие извештаи. Бев апсолутно против тоа. Контрастите меѓу опозицијата и власта во Собранието да се рефлектираат во работата на Национален совет за евроинтерграции и мислам дека и тоа денеска да го отфрлиме како пракса и како предлог и како пристап барем на некои колеги членови. треба да се концентрираме вистина на она што реално, објективно. Практично целиот извештај е таков. Веќе повеќе наши органи од претседателот, Владата, Собранието, па и членови на опозицијата и други субјекти се имаат изјаснето дека и овој извештај е објективен и реален и дека не дава основа за нови контрасти околу неговите оценки меѓу опозицијата и позицијата. Тоа е една работа што сакам да предложам за понатаму. Мислам дека потпретседателот на Владата господинот Бесими даде некои оценки и ветувања дека нивната група вистина ќе пристапи сериозно кон разгледување на оценките и предлозите и дека наскоро во Национален совет за евроинтерграции ќе имаме реакција на Владата за тоа како понатаму со спроведување на сугестии од Извештајот. Меѓутоа би сакал да кажам многу на кратко уште неколку работи.

Имено, првата  е дека овој Извештај можеме да го разгледуваме од апсект на извштаите од лани, преклани, од овие пет години. да ви кажам нема никаква основа да се верува дека овој Извештај е негативен со иста препорака или пак е понеповолен од оние од лани, преклани или од пред 4-5 години и бидејќи барем минатата година, а мислам и предминатата имавме дури квантификација на тоа колку се спроведени тие сугестии, колку во стратегијата за хармонизација на нашето законодавство е отидено напред, нема никакви проблеми да се направат такви компаративни оценки на овој извештај со оние од лани, преклани или од пред 4-5 години. Бидејќи јас ги имам дома

веднаш да ви кажам дека дури еден површен преглед компаративен кажува дека сме отидени напред.

Втора работа, овој извештај може да се компарира со оние на земјите членки на Унијата кои влегоа во полноправно членство 2004 и 2007 година, или пак оваа година Хрватска. Можам исто така да ви тврдам дека оценките во овој извештај говорат дека нашата подготвеност за почеток на преговорите е на многу повисоко ниво од она на земјите членки што се влезени во 2004, 2007 година, па дури ако сакате и Хрватска оваа година.

И трета работа, овој извештај може да се проценува како објективен или не во однос на слични извештаи секторски што ги прават органи надвор од Европската комисија и тука веројатно има доста контрасти. На пример, ако го земете економскиот дел на извештајот за да кажеме бизнис климата итн. или пак за недоволниот капацитет на македонската економија итн. тие оцени се во контра со оние на Светската Банка и ММФ, да на зборуваме како фондации како Дуинг бизнис итн. Меѓутоа има една многу чудна работа и во овој Извештај. Имено, до колку Македонија навистина не ја подбрила бизнис климата, економскиот амбиент, не се доближила до вториот столб на Копенхагенските критериуми, како тогаш постигнала доста добри резултати, асполутно подобри и од најмногу членки на Европска унија, а на база на така не постигнати внатрешни реформи во економската сфера. Не ми е јасно како може да има критички забелешки за тој дел, ако перфомансите на економијата, да кажеме извоз, увоз, невработеност, раст на бруто домашниот производ, се подобри од најголем дел на членките на унијата. До колку се споредиме, не во економијата, да кажеме човекови права и сл. корупција, насекаде се оценува дека капацитетот за борба против корупцијата во Македонија се подобрува, земете го Интерпол, Европол и многу други извештаи. До сега не се забележани случаи какви што ги има во половина земји членки на унијата. Пазете петорица премиери на европски земји од кои 4 се во унијата се затворени, апсени или осудени за корупција. Дали некој овде дал предлог, пријава итн. за нашиот премиер, министри итн. да се судат или да се апсат за корупција. Дајте ако има, меѓутоа чудна работа е оценките за корупцијата се вакви, а нема такви случаи во Македонија. Да не говориме и за човековите права и слободи. Сакам да ви кажам до колку сакате една објективна расправа за овој извештај треба да го споредиме и со оценки на други, не само на Европската комисија. По мое мислење тоа е објективно и треба вистина да се концентрираме на ова што ни престои заради нас. Инаку е многу јасно ако се повторуваат овие извештаи, ако се подобри или се поповолни дека работата не е во нашата внатрешни реформи, туку во факторот во спорот за името со нашиот јужен сосед. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Следна за збор е госпоѓата Тања Хафнер. Се извинувам пред да почнете, значи овие се некои почетни предлог заклучоци кои денес нема да го усвојуваме на Национален совет за евроинтерграции. Ќе ги замолам сите учесници да ги погледнат, да испратат предлози евентуално за измена или дополнување на некои од заклучоците, па ќе имаме дополнително консултации бидејќи во моментов немаше можност да постигнеме консензус околу заклучоците.

Повелете госпоѓо.

**Тања Хафнер Адеми**:

Благодарам.

Како преставник на граѓанското општество и знаејќи дека оваа недела и во наредниот период ќе има неколку настани кои ќе ги организираат колегите од секторот по прашање на анализа, коментарите и задачите што престојат од оценките на овогодинешниот извештај за напредок јас како преставник на граѓанското општество односно на Граѓанската платоформа на Македонија ќе се фокусирам во ова излагање само во делот на оценките на граѓанско општество, а воедно тоа е и моја примарна експертиза.

Прво, малку пошироко. Има три моменти. Ако ја читаме Стратегијата за проширување не само прогрес извештајот на Македонија, туку целата Стратегија и прогрес извештаите за напредок на другите земји и ако се гледаат како е оваа година хоризонтална оцена за развој на Граѓанско општество и дијалог меѓу граѓанското општество и институциите кои што се политички критериуми за сите земји кои сакаат да станат земји на Европска унија од 2007 година можете да забележите две или три клучни работи. Во овогодишната Стратегија на Европската комисија повторно е вратен голем фокус на улогата на граѓанското општество во процесот на евроинтеграции. Имено, улогата на граѓанското општество е спомнато во дел кој што е наречен функционирање на институции кои што гарантираат демократија. Во истиот тој дел, значи тука е објаснето колку е важна улогата на граѓанските организации за функционирање на институциите на демократија во една земја, во Република Македонија.

Другата работа што можете да ја забележите што е исто така битно во Стратегијата дека ако минатата година срамежливо, оваа година на голема врата е внесено тема на битноста на овозможувачка околина која што треба да постои во една земја кандидат за Европска унија. Што значи тоа? Минатата Европската комисија објави Комунике кое што се нарекува корените на демократијата. Во тоа исто Комунике дефинирано е што значи овозможувчка околина и јас цитирам од Комунике со мој превод:  Овозможувачка околина значи постои една земја, ситуации со кои што

оперираат граѓански организациии да функционираат потребен им е функционирачки, правен  и судски систем. Тоа значи да има така дејуре и дефакто право на здружување, право на обезбедување средства, право на слобода на изразување, пристап до информации и имаат можност да учествуваат во јавен живот. Примарна одговорност за обезбедување на основни услови е на страна на државата и на институциите, завршен цитат. Зошто ова го нагласувам? Затоа што може да видиме од овогодишната Стратегија дека за Македонија и за други земји кандидатки не само генерално дефиниран развој на граѓанското општество, дијалог меѓу властите и институциите, граѓанско општество е дел од политички критериум, туку Европската комисија јасно оди према дефинирање на некој аки за граѓанското општество, односно аки во смисла не во правна рамка, туку во смисла на конкретни стандарди и принципи. Да го поткрепам ова, зошто е ова важно за оваа дискусија и зошто е важно за Република Македонија. Бидејќи Европската комисија оваа цела година подготвува документ кој се вика  Прирачник за ЕУ поддршка на граѓанските организации за период 2014-2020 година во кои рамки ќе се дефинираат јасно 15 до 16 индикатори по кои што Европската комисија ќе следи и цени напредок во областа на развој на граѓанското општество, како на Република Македонија така и на другите кои претендираат. Беше веќе делумно спомнато во некоја од излагањата, посебно на професорот, насока или промена во методологијата, а вистина се промени методологијата како Европската комисија ги следи политичките критериуми. Има и промена на методологијата во делот на граѓанското општество. Но, таа методологија која се менува е токму таа што веќе ја спомнав. Така што една е пораката која треба Советот и нашите институции да ја земат во предвид дека од наредната, ако не веќе од оваа, мислам дека во нашиот извештај од оваа година тоа веќе се гледа, Европската комисија многу внимателно и многу конкретно ќе ја следи оваа ситуација и дава многу конкретни барања и конкретни оценки,  што се однесува на оценките на граѓанското општество во нашата земја. Што се конкретни забелешки? Споредбено Македонија заедно со Албанија и Турција е земја која што има да речеме најголем дел од Извештајот посветен на оваа тема. Сега на вас е да оцените дали тоа е добро или не е. Но можам да кажам дека после Албанија и Турција, македонскиот извештај е со најголем отсек или најголемо третирање на граѓанското општество во процес на евроинтеграции. Што се клучните забелешки? Претпоставувам дека барем сте ги прелистале,  да не одам едно по едно. Може да се забележи дека во делот на институциите нема големи напредоци во клучните делови. Даночната рамка која треба да се усогласи за да можат организациите да го користат статусот на организации од јавен интерес дефиниран со Законот за здруженија и фондации од 2010 година, нема напредок, ништо не се случува. Комисијата постои, не е доделен ниеден статус и не се на повидок даночни промени, во даночната рамка кои што би овозможувале тој статус да има некаков бенефит за организации со таков статус. Исто така Закон за донации и спонзорства за јавни активности нема напредок во промена или подготвка на новиот

закон. Значи тука работите стојат. Евидентирано е дека стратегијата за соработка, значи владината стратегија 2007-2017 за која ја имавме прилика да разговараме минатата година на една јавна расправа организирана на Советот, нема голем напредок во самото имплементирање и самото нотирање е специфично. Тоа заложбата или определбата во самата Стратегија конечно да се донесе обврзувачки акт, транспарентно и очетно јавно финансирање на граѓанските организации. Постои кодекс кој што е нотиран дека се имплементира, меѓутоа самиот систем не е стандардизиран, што значи дека не е транспарентен и отчетен. Би можела уште да го читам извештај, што мислам дека е клучно ако погледнеме што се случувало оваа година во контекст на Граѓанско општество, пред се голем дел од иницијативите кои што можеби не со име и презиме се нотирани во самиот извештај, голем дел од неформални иницијативи и проактивноста од страна на организации, се нотирани генерално, не се поединечно со име и  презиме бидејќи на тоа не му место тука во овој извештај. Но тоа што отсуствува е реакција или прифаќање од страна на институциите и тоа е нотирано во Извештајот. Конкретно група на организации 8 или 9 во кои што јас како преставник на Национален совет за евроинтерграции сум вклучена од крајот на пролетта, односно од крајот на јуни, работи, се обидува со Секторот за евроинтеграции, со вицепремиерот да помогне, дадовме и конкретен предлог како може да се востпостави консултациски механизам за наредната ИПА, која што треба да почне да се применува од јануари. Но освен што бил организиран еден конкретен состанок со повеќе од сто организации, информативен состанок во Влада од страна на вицепремиерот. Ние уште чекаме да го разговараме тој конкретен предлог и, да добиеме фид-бег, како тој конкретен предлог кој што организации го сработија без, значи тоа е иницијатива, тоа не е проект, да може наредната ИПА да се искористи поефикасно. Владата излезе, односно Секретаријатот излезе со најава дека ќе организираат на крајот на овој месец, значи тоа би требало да биде оваа недела, јавен повик за да ги вклучат граѓанските организации, но тоа што се најавува, можеме веќе да забележиме предлог кој што е даден значи пред четири или пет месеци, дали не е разгледан или воопшто не е земен во предвид. Ова го споменувам како еден конкретен предлог на една тема, кој што тука цело време работиме, дополнително беше работен преку надзорни расправи од страна на Комисијата за европски прашања, кој само укажува дека има доста продуктивни, реактивни иницијативи од страна на неформални граѓански иницијативи, да не ги споменувам сите и граѓански организации. Но што ни фали, е репроцитет од страна на институциите и тука јас би го завршила своето излагање. Ви благодарам, јас примив некој нацрт предлог заклучоци, што се однесува за делот за граѓанско општество, гледам дека не се ставени  во заклучоци, така да можам да го искоментирам по имеил, па понатаму да се ускладат.Благодарам.

**Радмила Шеќеринска:**

Благодарам. Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:**

Благодарам, почитувани колеги членови на Националниот совет, почитуван господин Гезел и госпоѓо Курте, жал ми е што немавме можност да го кажаме своето видување пред господинот Ховит, како наш докажан пријател и пред господинот Аиво Орав, луѓе кои што целокупниот свој ангажман го посветија на Република Македонија, најпрвин позитивен извештај, а потоа и борбата како што кажа во Европскиот Парламент, да добиеме што поголем број наши приврзаници, за да може Република Македонија да добие датум за преговори и денес требаше да му помогнеме со нашите дискусии, да го охрабриме и да му дадеме сила, да може и тој со што повеќе аргументи да побара од колегите од Европскиот Парламент и од Советот исто така поддршка за Република Македонија.

Најпрвин ќе кажам дека европската агенда е приоритет за парламентарното мнозинство, има мерливи инструменти за тоа. Самиот факт што во Извештајот е оценет капацитетот на Република Македонија, дека ги исполнува обврските од членството, т.е. акито изнесено од договорите, секундарното законодавство и политиките на Унијата и се наведува дека Република Македонија е во напреден степен на усогласеност на законодавството и е постигнат натамошен напредок во подобрување на способноста за превземање обврски од член 100, јасно кажува дека оваа земја и ова парламентарно мнозинство, заедно со опозицијата, без оглед на некогаш дијаметрално спротивните ставови по однос на различни прашања, меѓутоа, сепак целта е заедничка и нешто што треба да не обединува и мислам дека не обединува, а тоа е Европската Унија. Овде господинот Бесими јасно укажа дека веќе Владата прави ревизија на Националната програма за усогласување на законодавството, врз основа на сите забелешки кои што добронамерно се дадени во Извештајот на Европската Комисија, кои што исто така се мерливи и нормално претставуваат слика за нашето работење. И добро е тоа што нема да се прави усогласување од јануари па натаму, туку уште веднаш, уште сега, за да до декември го поправиме тоа што може да биде поправено и, да добиеме подобра оценка и да се види волјата и да се скрши да не речам сомнежот кај некои од колегите кои што денес  кажаа, дека ова парламентарно мнозинство не сака Република Македонија да ја види во Европската Унија.

Потоа сакам да укажам на тоа , што беше кажано од страна на господинот Ховит и оценките кои што се дадени, дека ги исполнуваме копенхашките критериуми за членство. И тоа е мерливо и не треба да претставува сомнеж, најмалку за нас кои што тежнееме, без оглед на нашите политички определби, да бидеме дел од Европската Унија, бидејќи многу јасно е кажано дека согласно севкупните анализи на оценките за постигнатиот напредок во однос на 33-те поглавја. Споредбено со останатите земји од

Западен Балкан, Република Македонија се наоѓа на втората позиција по Турција, пред Црна Гора, Србија, Албанија и другите земји. Тоа не треба да е некаква утеха за нас, меѓутоа, сепак јасно покажува дека Република Македонија напредува и токму заради тоа го има добиено овој позитивен Извештај, не заради тоа што Европската Унија е пристрасна и токму од тие причини или пријателски причини, не повикуваат да бидеме дел од нивниот клуб, барем европските пратеници, кои што со мнозинство гласови посакаа Република Македонија да ја видат во европското семејство и да добие датум за преговори. Колкаво е влијанието на добивањето на датумот за преговори врз Република Македонија, беше прашањето кое што беше кажано од господинот Ховит. Мислам дека тоа е обединувачката алка за целокупното општество, севкупната наша енергија да се насочи кон работа за исполнување на сите наши обврски, занемарување на дневно политичките агенди и Република Македонија да го исполни сонот на најголемиот дел од граѓанството во оваа земја, кое што со години посакува Република Македонија да биде дел од Европската Унија. Впрочем тоа е и национален интерес, а интерес на Европската Унија е целиот регион да напредува во големото европско семејство. Република Македонија да не биде надвор од него, интерес мислам на Европската Унија е исто така да се почитуваат меѓународното право и во тој контекст и пресудата од Меѓународниот суд во Хаг, па и Спогодбата од 1995 година, а сепак да не се прави притисок врз Република Македонија, туку да се прави притисок и врз Република Грција, да ги исполнува своите меѓународно превземени обврски. Република Македонија јасно покажува со сите чекори кои што ги превзема дека сака да има добрососедски односи со сите наши соседи, вклучувајќи го и нашиот јужен сосед Република Грција. Очекуваме конечно после долги години , после многу парламентарни состави кои што прават групи за соработки со сите парламенти во светот, вклучувајќи ја и Република Грција, да наидеме на одзив од нашите колеги од Република Грција, да започнеме разговори и дијалог на парламентарно ниво,  можеби ќе го потпомогнеме процесот на изнаоѓање на некое взаемно прифатливо решение, ако не друго, почитување на достоинството и на едните и на другите. И повторно ќе кажам, како и секоја година обид за разбирање на фрустрациите кои што ги имаат и едната и другата страна, па можеби ќе помогнеме Република Македонија да се движи по вистинскиот пат, не попречена од страна на Република Грција. Искрено, очекуваме Европскиот Парламент и Советот да имаат во предвид дека Република Македонија ако добие датум за преговори, многу пообединето и како што беше во претходниот период, ќе може да ја сконцентрира целокупната национална енергија околу европската агенда, отворање и затворање на поглавјата и во многу порелаксирана атмосфера, да може да го решиме проблемот кој што го наметнува Република Грција. Мислам дека вака ставени пред ѕид, не помага многу ваквиот однос и ваквиот начин, за решавање на еден спор, за кој што Република Македонија има интерес, а не гледаме дека Република Грција има интерес да биде решен. Од наша страна се она што претставува предизвик во однос на

законодавството, во однос на ИПА фондовите и нивната искористеност, ќе биде јасно земено на знаење. Меѓутоа, треба да се има во предвид дека се поголемата вклученост на граѓанскиот сектор на јавните расправи, на надзорните расправи, кои што се случуваат во Собранието на Република Македонија, се еден огромен квалитет, квалитет кој што го немаат многу земји овде во Југоисточна Европа и можеме да бидеме пример. Токму како резултат на тоа, на големиот број на надзорни расправи кои што ги имавме за конкретното прашање, за ИПА фондовите, предмет на интерес тоа беше на господинот Ховит и заклучоците кои што ќе произлезат од многуте надзорни расправи, ќе ни дадат правец како подобро да бидат искористени средствата од втората компонента на ИПА. Мислам дека искористеноста од првата компонента, некаде околу 37% чинам беше, дека ќе може да се види каде е проблемот и како може да се направи поедноставување на процедурата, за да можат граѓаните и земјата да имаат поголема искористеност на ИПА фондовите.

Е сега што треба ние да направиме за да ги убедиме земјите членки дека Република Македонија ќе ги исполни предизвиците кои што се пред неа. Во однос на медиумите, убедена сум дека ќе продолжиме и извршната власт и ние како Парламент, со дијалогот со медиумите и со здруженијата на новинарите. Исто во собраниска процедура е и Законот за медиумите. Во однос на притворот на новинарот Кежароски, кој што ја возбуди целокупната македонска јавност и пошироко, ние како парламентарно мнозинство, кои што најчесто сме осудувани од опозицијата, како да ние сме тие егзекутори, кои што тоа го направиле. Морам да кажам дека мора сите ние, без оглед дали сме опозиција или власт, во одредени моменти да го почитуваме Уставот на Република Македонија и ингеренциите кои што ги имаат пратениците и извршната власт. Мора да ја почитуваме поделбата на властите во Република Македонија, но овие дискусии во Парламентот на Република Македонија, дискусијата која што беше од господинот Насер Селмани и од сите други колеги овде во Парламентот, треба да бидат еден аларм за претставниците на судската власт, да внимаваат во носењето на одлуките, да бидат согласно Уставот и законите на оваа земја. Бидејќи ние на друг начин не можеме да се мешаме во носењето на одлуките кои што ги носи независната судска власт. Ние единствено е што можеме, е тоа што сметаме дека треба да биде поправено во законите, се со цел да им овозможиме независно работење и услови за работа на судската власт можеме да го правиме, инаку се друго би било мешање во судската власт.

Она што треба да го направиме, она што е во наш домен, тоа е исполнување на меморандумот, кој што заеднички го потпишавме сите овде, и сите бевме токму на оваа маса и се обврзавме да работиме на европската агенда. Најмалку ќе и помогнеме на оваа земја ако само зборуваме за тоа колку лошо правиме на нашата земја и се обвинуваме едни со други, туку како заеднички да и помогнеме и да им помогнеме на нашите пријатели, Република Македонија да добие датум за преговори. Искрено

посакувам паралелно да оди процесот за добивање на датум за преговори и преговорите за изнаоѓање на взаемно прифатливо решение за името. Тоа можеме да го направиме ако препораките од Анкетната Комисија , кои што мислам дека беа во завршна фаза на Работната група, речиси се беше договорено, до моментот кога се донесе една судска пресуда и повторно нешто врзано со судовите, не врзано со Парламентот, влијаеше да се прекине тој процес. И, кога во моментот кога бевме во завршна фаза на изнаоѓање на решенија за Деловникот, за етичкиот кодекс, ние едноставно застанавме и мислам дека тоа можеме да го испорачаме, доколку обврските кои што ги превземавме со Меморандумот ги сфатиме , како не само декларативни заложби, туку вистински заложби на сите нас, за тоа Македонија да се движи кон Европската Унија.

Во однос на Изборниот законик и препораките на ОБСЕ и ОДИХР, тука сметам дека можеме исто така да испорачаме позитивни сигнали, дека можеме да го усогласиме нашето законодавство, заедно со сите политички партии во тој дел. Но повторно ќе речам дека мораме партиските агенди да ги оставиме зад нас, а европската агенда да биде она кое што треба да не води.

Добрососедските односи треба исто така да бидат наш приоритет, не само со подадената рака кон Република Грција, туку и кон сите наши соседи, а тоа мислам дека успешно ќе го правиме и во понатамошниот период.

И мислам дека, повторно ќе речам, без решавање на наметнатиот спор за името, Република Македонија не може да се помрдне, што и да направи од сите овие забелешки кои што се дадени во Извештајот, бидејќи повторно ги исполнуваме копенхашките критериуми и затоа имаме позитивен Извештај. Па од таму, апелот до Европската Комисија и до Советот, да направат напори паралелно да тече процесот на добивање на датум за преговори и изнаоѓање на взаемно прифатливо решение за наметнатиот спор од Република Грција. Благодарам.

**Радмила Шеќеринска:**

Благодарам.

Во име на обврските и на овие пратеници кои што сепак останаа до крај на седницата, земајќи предвид дека јас како претседател на Националниот совет, прва ќе може да учествувам во дебатата на Собранието, ќе се откажам од дополнителни детали.

Сакам да ви се заблагодарам на дискусиите и учеството во седницата. Се надевам дека дискусијата околу Извештајот нема да запре овде, бидејќи секоја година чинам ја правиме таа грешка, дента сме фокусирани на Извештајот, а потоа некако го губиме фокусот. Целта на Извештајот е да влијае на нашата секојдневна работа, а не еден ден во годината да бидеме под впечаток на Извештајот.

Ви благодарам на учеството, им благодарам на гостите што беа до крај трпеливи со нас и се гледаме на седница на која што би ги усвојувале заклучоците, ако ги усогласиме.

Благодарам.

Седницата заврши во 15.33 часот.